Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 08-2484/1
01-09-2022 20
Скопје/Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Сектор за правосудство**
**Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи**

**Полугодишен извештај за работа**
**на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи**
**за јануари/јуни 2022 година**

***ВОВЕД***

Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи како оперативно стручно тело составено од претставници на правосудните органи и во вториот извештаен период работеше во состав и тоа:

1. **д-р Лазар Нанев**, Претседател на Основниот суд Кавадарци, Претседател на Советот за ИКТ
2. **д-р Гордана Лажетиќ**, редовен професор на правниот факултет "Јустинијан Први"- Скопје, Заменик претседател на Советот за ИКТ
3. **Александра Вуковиќ**, Секретаријат за европски прашања, член на Советот за ИКТ,
4. **Михајло Војтикив**, информатичар, Министерство за правда, член на Советот за ИКТ
5. **Весна Бојаџиевска**, Раководител на служба за информатика, Врховен суд на Република Северна Македонија, член на Советот за ИКТ
6. **Лорета Горгиева**, Судски совет на Република Северна Македонија, член на Советот за ИКТ.
7. **Миљазим Мустафа**, Судски совет на Република Северна Македонија, член на Советот за ИКТ
8. **м-р Фатиме Фетаи**, јавен обвинител од Вишото јавно обвинителство Скопје, член на Советот за ИКТ
9. **Трајче Пеливанов**, јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, член на Советот за ИКТ
10. **Ирена Димовска**, советник, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија и член на Советот за ИКТ,

11. **Фросина Тасевска,** државен советник, Министерство за правда, член на Советот за ИКТ,

12. **Катерина Мишковска**, помлад соработник за ИТ служба, Совет на Јавните обвинители на Република Северна Македонија, член на советот за ИКТ

Секретар на советот е **Ирена Шекуткоска Јанакиевска**, соработник во Министерството за правда.

Согласно член 23 од Деловникот за работа на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи , Советот за ИКТ за својата работа поднесува полугодишен извештај до Министерството за правда. Во извештајот се содржани податоци за - бројот на одржани седници, - донесени одлуки,- реализирани активности и др. податоци од својот делокруг на работа.

## *1.1. Број на одржани седници*

Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи за време на полугодишниот извештај одржа шест седници и тоа:

- седма седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 26.01.2022 година,
- осма седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 28.02.2022 година,
- деветта седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 30.03.2022 година,
- десетта седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 20.04.2022 година,
- единаесетта седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 20.05.2022 година.
- дванаесетта седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се одржа на 30.06.2022 година.

### *1.1.1.Донесени заклучоци*

А.На седмата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 26.01.2022 година, се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информасции и извештаи:

1. Разгледана е информацијата за активностите поврзани со процесот на интеропарабилноста со заклучок дека сите органи се на различно ниво на процесот како и постоењето на потешкотиите за приклучување кон платформата на оние институции кои не се веќе приклучени.

Во однос на опремата, средствата се обезбедени за распределба на скенери, компјутери и остварена е комуникација со директорот на Мајкрософт во Македонија за соработка и размена на искусва.

Во насока на унапредување на процесот на дигитализацијата заклучено е дека потребно е да се вложат дополнителни напори да се провери опремата во обвинителствата и да се изнајде соодветен начин да се приклучат на платформата. Од прф.д-р Гордана Лажетиќ советот е информиран за проектот за поддршка на Судскиот совет кој се спроведува во соработка со Холандската амбасада, во чии рамки изработена е "Методологија за сложеност на предмети", како и дека ќе се одржи состанок со Едусофт, лицата кои ја изготвија методологијата и претставници од Судскиот совет за што дополнително ќе ги известат членовите на Советот, со методологија претставува решение кое треба да биде вградено во новиот АКМИС систем.Во однос на Државното правобранителство кое е вклучено во ИПА 2025 потребно е да се обрне поголемо внимание и да се утврди што точно е предвидено за нив, со оглед на тоа дека немаат никакви техички услови и средства.

2. Во насока на активностите на потпишување на меморандуми за соработка за процесот на размена на подтаоци и информации со институциите членот на совеот Катерина Мишковска извести дека е во контакт со УФР кој би ги користеле сите три услуги и останува да се потпише меморандум за соработка, од УЈП има само номинација на контакт лице, а од ДКСК по консултација со правниците ќе достават повратна информација
3. Исто така, членот на советот Михајло Војтикив извести дека исконтактирани се со меил сите институции и нема повратен одговор од Државното правобранителство, останатите веќе доставиле листи на податоци кои ги разменуваат со судовите.Од Катастарот на недвижности системите ќе треба да се адаптираат, катастарот веќе има склучено договор со надворешна компанија која ќе ги одржува системите.Известени се заедно со АУОИ дека размената на документи со судовите кои ги добиваат во форма на предмети може да биде овозможено преку услугата е-пошта. Во тек се активности за организирање состанок на кој сето тоа би им било детално објаснето, испратени им се договорите и по разгледувањето од правните служби ќе се одржи состанок на кој истите би се финализирале.
4. Чрленот на советот Лорета Горгиева информираше дека остварен е контакт со ПИОМ и ДИК и се очекува и финализирање на постапката за утврдување на услугите и потпишување на меморандум за соработка.Од АВРМ и ФЗО засега нема повратна информација и дополнително ќе бидат направени напори за остварување на средба.
5. Исто така, членот на советот Трајче Пеливанов во однос на МО И АНБ наведе дека не се поврзани кон националната платформа и нема конкретен одговор до сега од МО, додека од АНБ се спремни за набавка на опрема и склучување на договор, за што во текот на наредната недела ќе има повеќе информации.Со МВР остварена е комуникација, доставени се податоците кои ги користат од судовите и треба да се оствари средба да се финализираат овие потреби и да се склучи договор.
6. Членот на советот, Миљазим Мустафа извести дека е остварен контакт со сите институции за кои е задолжен, со Комората на извршители договорената средба од оправдани причини се одложила за скоро време, а што се однесува до Нотарска комора потребно да се одржи средба на која подетално ќе им биде објаснет целиот процес. Со адвокатската комора ќе се одржи состанок, а Комората на медијатори не функционира. Напомена дека во догледно време ќе има конкретни информации за сите институции.
7. Исто така, членот на советот Весна Бојаџиевска информираше дека по остварен контакт со сите институции побарано е да се изјаснат кои податоци им се потребни. Во однос на второстепената комисија извести дека информатичкото ниво е многу ниско, нема сервер и немаат своја сопствена апликација. Во буџетот за 2022

одобрени се средства за набавка на сервер за приклучување на платформата.Во Вишиот управен суд согласни се да се разменуваат податоци со сите институции, но конкретни информации за податоците ќе достават во текот на наредната недела.Со Управниот суд и по извршени неколку обиди не е воспоставен контакт, но сепак известени се со е-меил.

8. Членот на советот, Ирена Димовска извести дека побараните средства за одржување на опремата добиена со проектот за интероперабилност, не се одобрени од Министерство за финансии за 2022 година, во тек е прераспределба на буџетските средства и изнајмената линија за поврзување со МИОА треба повторно да се закупи за оваа година за што треба да се направи јавна набавка во следниот период. Во таа насока Никола Николов од МИОА треба да сподели информација дали линкот кој се користеше досега, ќе може и понатаму да се користи и за останатите услуги кои се планирани.Ограничување на буџетот има и во делот за одржување на целосната опрема кој е намален за 75%. За сите дополнителни функционалности кои би се вовеле на постоечкиот систем нема буџет, потребно е да се одржи состанок со МИОА на кој точно ќе биде утврдено што точно треба да се работи, а во таа насока и да се утврдат буџетските средства кои се потребни.
9. Донесен е заклучок да се направат напори за остварување контакт со сите институции и околу 15 февруари да се одржи уште еден состанок со институциите со цел да се склучат договорите.
10. Во однос на набавката на серверите Весна Бојаџиевска информираше дека овој месец интензивно се работи на пристигнатите понуди, документацијата е обемна и има доста пропусти во документите на понудувачите. Дадена им е шанса на сите, преку барање за појаснување да одговорат на прашања и да се надополнат направените пропусти. Изготвен е извештајот од евалуцијата и доставен е до комисијата за јавни набавки кој понатаму прашањата треба да ги достави до понудувачите, а кога ќе биде добиен повратен одговор од нив, повторно следува евалуација и елиминација на понудувачи.Во финансиските понуди има многу грешки и ни една понуда не е во рамките на буџетот.
11. Од страна на нашите партнери и тоа Мисијата на ОБСЕ, Ана Новакова-Жикова информирани сме дека процесот за опрема на петте судници е во тек и моментално се во процес на премер на судниците, за да може да се направи инсталација на опремата која е набавена и опремувањето ќе се спроведува согласно динамиката на судовите постепено, инсталирањето ќе се врши на начин да не се попречи работатта на судовите. Извршен е премер на судниците во Струмица, Штип и Кавадарци, остануваат уште судниците во скопските судови и на почетокот на февруари треба да се одржи координативна средба со цел да се утврди до каде е процесот, за кој предвидено е до крај на февруари целосно да се реализира.
12. Од страна на Претседателот на советот членовите се известени дека во наредниот период интензивно ќе продолжат подготовките на меѓународната конференција, како и активностите за студиска посета на Словенија, побарана е работна средба со Советот за ИКТ од USAID и предвидено е во наредниот период да се одржи средбата, исто и со амбасадорот на Европската комисија ќе биде остварена средба со цел сите активности на Советот за ИКТ да бидат анализирани во насока на остварување на процесот на интероперабилноста.

В. На Осмата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 28.02.2022 година, советот за ИКТ се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информасции и извештаи:

1. Разгледана е информацијата од членот на советот Весна Бојаџиевска, Врховен суд на Република Северна Македонија дека евалуацијата за набавка на серверите сè уште не е завршена, но е во крајна фаза по што следи електронската аукција и избор на најповолен понудувач. По спроведувањето на оваа фаза ќе почнат да течат законски предвидените рокови за поднесување на жалби.Се очекува во текот на оваа недела да започне електронската аукција која треба да заврши на почетокот од месец март, додека целиот процес би требало да трае до крај на април 2022 г.
2. Нашите пратнери и тоа Ана Новакова Жикова претставник на ОБСЕ извести дека на барање на Министерството за правда во координација со ОБСЕ организиран е промотивен настан за среда 02.03.2022 година кој ќе се одржи во судот во Кавадарци и со кој ќе се одбележи почетокот на инсталирањето на опремата во петте судници. За настанот изготвена е агенда, а истиот ќе се одржи со присуство на министерот за правда, претседателите на петте судови и членовите на Советот за ИКТ.Инсталирањето на опремата во судот во Кавадарци е целосно завршена, во нова судница со нов ентериер. Следните чекори на Мисијата на ОБСЕ се однесуваат на организирање на Самит од земјите од североисточна Европа. Самитот ќе има посебен осврт на дигитализацијата, а целта е промоција на процесот за дигитализација кој се спроведува кај, се она што е постигнато до сега и идните планови и чекори кои следуваат на ова поле.
3. Членовите на советот се известени дека јавната набавка во делот на градежните активности е во тек и се реализира. За кривичниот суд во Скопје обезбедени се финансиски средства од Судскиот буџетски совет во износ од 5000 евра за целосно опремување на две судници. Граѓанскиот суд Скопје започна со градежни активности, додека од утре започнува инсталирањето на опремата во судот во Струмица, а наредна недела во судницата во Штип.Согласно оваа динамика до крај на март месец целосно ќе биде инсталирана опремата во сите пет судови.
4. Разгледан е Извештајот за активностите во врска со интероперабилност и размена на податоци помеѓу судовите и државните органи и институции. Од страна на проф.д-р Гордана Лажетиќ детално беше разгледан договорот за интероперабилност, беа изнесени сите предлози и забелешки дадени од останатите институции со кои ќе се склучуваат договорите. Донесен е заклучок да се избрише членот 14, од причина што истото веќе е предвидено во членот 6 од договорот.
5. Членовите на советот секој во својот дел известија во која фаза се преговорите со институциите, по што претседателот ги задолжи најдоцна до петок 04.03.2022 година да ги финализираат договорите со оние институции со кои нема никакви пречки, а кои се одредени како приоритетни и за кои Министерството за правда ќе организира свечен настан за потпишување на договорите во свечената сала на Владата на РСМ.
6. Претседателот извести за пристигнат допис од Министерството за Финансии кој беше споделен со членовите, со кој се бара мислење од Советот за ИКТ во однос на одредбите за дигитализација на новиот Закон за инсолвентоност и напомена дека Советот во наредниот период ќе го разгледа Законот и ќе даде свое мислење.

Г. На деветтата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 30.03.2022 година се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информации и извештаи:

1. Разгледано е барањето доставено од Државниот завод за статистика, со предлог барање да бидат приклучени во процесот на дигитализација и интероперабилност со заклучок се прифаќа барањето на Државниот завод за статистика, да се организира состанок со претставници од ДЗС со цел да се слушнат нивните ставови, барања и да се утврди начинот на нивното учество во целиот процес.
2. Разгледано е известувањето од Делегацијата на ЕУ во врска со софтверските решенија во ДКСК обезбедени во рамки на IPA 2017 Проектот, при што членот на советот, Фросина Тасевска по однос на оваа точка сподели информација дека во рамки на проектот ИПА 2017 ќе бидат обезбедени софтверски решенија за Државната комисија за спречување корупција.Во таа насока претседателот Нанев напомена во координација со Министерството за правда да се организира состанок со Државната комисија за спречување корупција.
3. Разгледан е извештајот за активностите во врска со дигитализацијата на услугите кон платформата за интероперабилност и размена на податоци помеѓу судовите и државните органи и институции.
4. Членовите на Советот Михајло Војтикив и Весна Бојациевска информираа за пристигнато барање од Царинската управа за ставање во употреба на услугите кои беа наведени во договорот за соработка, за што Михајло Војтикив појасни дека барањето треба да се проследи до МИОА со цел официјално да се обратат до НЕКСТСЕНС со барање да бидат пуштени во употреба услугите.
5. Членот Михајло Војтикив ја презентираше услугата за вадење уверение од казнена евиденција за правни лица.
6. Ана Новакова Жикова претставник на ОБСЕ информираше дека инсталирањето на опремата во четири судници е завршено. Останува уште кривичниот суд во Скопје каде во тек се градежни активности. Предвидено е до крајот на април да биде инсталирана опремата и таму.
7. Од страна на Верица Спасова претставник од Амбасадата на САД, членовите на советот се известени со проектот подрѓан од амбасадата и напомена дека на 04.04.2022 година започнува процесот за скенирање, премер и процена на судниците од судовите каде што ќе се врши опремување. За таа намена изготвена е агенда која дополнително ќе биде

споделена со членовите. Процесот ќе биде спроведен од еден инженер кој лично ќе врши посета по судовите три дена во неделата. По изготвувањето на нацрт на судниците со сите детали од премерот ќе биде изготвена проценка за набавка и инсталирање на опремата во судниците.Се очекува овој процес да заврши до 01.06.2022 година, по што изготвените дизајни ќе бидат разгледани и потврдени од Советот за ИКТ како и од страна на со инженерите во Вашингтон.Претседателот Нанев напомена дека во листата покрај судовите опфатени се и судницата на Академијата за судии и јавни обвинители, Судскиот совет и судницата во Идризово.Судовите со проширена надлежност ќе добијат опрема за заштитен сведок во една судница, понатаму во сите судови предвидена е опрема за симултан превод во по една судница, додека опрема за аудио визуелно снимање предвидена е за сите судници.

8. Разгледана е информација во однос на групната јавна набавка на опремата преку Судскиот совет, при што членот на советот Милјазим Мустафа извести дека процесот е во фаза на одобрување од претседателите на сите судови, а следната недела Судскиот совет ќе ја објави тендерската постапка за набавка на компјутери, принтери и скенери.
9. Проф.д-р Гордана Лажетиќ во однос на формирањето на Дигиталната агенција која беше предвидена со Стратегијата за ИКТ, а преку која треба да се организира работата на информатичарите, предложи Советот за ИКТ да се обрати со допис до Владата на РСМ со цел да се добие информација до каде е процесот за формирање на агенцијата.

Д. На десеттата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 20.04.2022 година се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информации и извештаи:

1. Рагзледан е Извештајот за текот на тендерската постапка за набавка на серверите во судовите–известител Весна Бојаџиевска, Раководител на служба за информатика, Врховен суд на Република Северна Македонија, член на Советот за ИКТ.
2. Разгледан и усовено е Предлог мислење за Законот за инсолвентност во делот на дигитализацијата - автоматизација на изборот на стечајните управници во стечајните постапки. Проф. Д-р Горадна Лажетиќ се осврна на членот 97 од Предлог-Законот за инсолвентност кој се однесува на постапката за именување на стечајниот управник.Наведе дека изборот на стечајниот управник треба да се врши преку АКМИС системот за што потребно е дополнување на ставот 2 од овој член.Предложи ставот 3 да се избрише а ставот 7 од истиот член да се прецизира и гласи:-„Министерот за правда на предлог на телото за стандардизација на АКМИС ги пропишува индикаторите за избор на стечаен управник според методот на електронски

избор". По одржаната дискусија со претставникот од Министерството за економија, по однос на оваа точка беше донесен следниот **заклучок**: Да се достави допис до Министерството за економија и Владата на Република Северна Македонија со предлог да бидат имплементирани предложените измени и дополнувања на членот 97 од Предлог-Законот за инсолвентност.

3. Разгледан е Извештајот за активностите за издавање на уверенија од казнената евиденција за правните лица . – ЕДУСОФТ. Членот на советот Михајло Војтикив извести дека барањето за пуштање на услугата за вадење на уверенија од казнена евиденција за правни лица е примено во ЕДУСОФТ и услугата веќе е ставена во функција. **Заклучок:** За наредната седница Михајло Војтикив да спреми презентација за начинот на користење на оваа услуга.
4. Усвоен е Предлогот за изработка на софтверско решение за објавување на одлуките и огласите на веб страната на судот согласно чл.12 од Законот за управување со движењето на предметите, со предлог заклучок за висина на надоместокот.Претседателот Нанев во врска со Законот за управување со движењето на предметите ја утврди потребата за изготвување софтверско решение за објавување на судските одлуки и огласите на нотарите и извршителите на веб страните на судовите. Весна Бојаџиевска извести дека на последната седница на работното тело за стандардизација на постапките во судовите било поднесено барање од Основниот суд Велес за имплементација на членот 12, за што оставен е дополнителен рок за точно утврдување на тоа кои сè одлуки треба да бидат објавувани на порталите.Советот по дискусијата ги донесе следните **заклучоци:** 1.Во текот на наредната недела заедно со членовите Михајло Војтикив, Весна Бојаџиевска и претставници од ЕДУСОФТ да се одржи он-лине состанок на кој ќе биде разгледано и утврдено најсодветното софтверско решение за имплементација на членот 12 од Законот за управување со движењето на предметите. 2.До Судскиот буџетски совет од име на Советот за ИКТ да биде доставено барање за утврдување на износот на годишниот надомест за објавите на нотарите и извршителите.
5. Разгледана е иннформацијата за активности со јавните обвинители за динамика за дигитализирање на ЈО.Ирена Димовска, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија и член на Советот за ИКТ извести за:1. Инсталација и имплементација на хардверска опрема и воспоставување на оптичка врска со ОТА (Оперативна техничка агенција), со инсталирање на систем преку кој електронски ќе се испраќаат судски наредби за ПИМ мерки) 2. Завршена јавна набавка за информатичка опрема (персонални компјутери и периферна опрема - принтери, скенери и фотокопири) за јавните обвинителства со цел промена на застарената хардверска опрема (дел од акцискиот план на Советот за ИКТ - секоја година промена на дел од старата опрема)3. Системот за аудио и видео сослушување кој е инсталиран во обвинителствата со проширена надлежност е поставен на multi -user mode каде секој корисник се најавува со свој кориснички акаунт и воедно е дедициран мемориски простор на storage каде ќе бидат овие предмети архивирани, како и креирање на фолдер на десктоп за секој корисник на неговата машина)4. Распишување на јавна набавка која моментално е тековна за одржување на опремата во систем сала, каде е

вметната серверската и мрежната опрема од проектот за интероперабилност IPA 2013),5. Имплементација на решение за мрежна безбедност (реплицирање на постоечката конфигурација на нов уред и дополнување на нови потребни правила според најдобрите препорачани практики, креирање на VPN полиси за поврзување на оддалечени локации како и креирање на firewall правила за пристап преку VPN), 6. Промена и конфигурација на нови swich-ови на централна локација во зградата на ЈОРСМ,7. Анализа и воспоставување на параметри за VPN конекција со МИОА.

6. Разгледан е Извештајот за процесот за интероперабилност и размена на податоци помеѓу судовите и државните органи и институции– известител д-р Гордана Лажетиќ, редовен професор на правниот факултет "Јустинијан Први"- Скопје, Заменик претседател на Советот за ИКТ. Проф.д-р Гордана Лажетиќ даде извештај за текот на процесот, по што беше донесен **заклучок:** До 10 мај да се финализираат договорите и да биде организирано потпишување на договорите во Министерството за правда. Обвинителот Трајче Пеливанов напомена дека од Агенцијата за националана безбедност инсистираат пред договорот да биде склучен Меморандум за соработка со Министерството за правда кој беше доставени и разгледан по што утврдено е дека спорен е членот 7 од меморандумот кој треба дополнително да се доработи и прецизира.
7. Разгледана е информација за активностите со Мисијата на ОБСЕ и Амбасадата на САД. Претставникот од ОБСЕ извести дека опремени се сите судници останува уште опремувањето на Кривичниот суд Скопје. Претседателот наведе дека предвидено е комплетно опремување и на последната судница да биде во рок од 15 дена.Во однос на активностите на Амбасадата на САД претседателот извести дека согласно агендата, продолжува посетата на сите судови во кои се врши увид за опремување на 186-те судници.
8. Разгледана е Информација за потребата од ажурирање на обрасците на ДСЗ – СК1, СК2, СК3 и СК4 /судски криминалитет/ со предлог за дигитална форма. Марина Мијовска од Државниот завод за статистика која сподели информација за потребата на ажурирање на обрасците СК1, СК2, СК3 и СК4 /судски криминалитет. Во однос на статистиката за криминалитет наведе дека во ДЗС се водат статистики за пријавени, обвинети и осудени лица како и статистика на разводи кои се водат преку извештајните единици (судовите и јавните обвинителства). Наведе дека потребата да се заменат хартиените обрасци кои се разменуваат со судовите и јавните обвнинителства е огромна и побара преку процесот на дигитализација целиот процес на прибирање на овие податоци да биде дигитализиран преку изготвување на електронски прашалници.Претседателот наведе дека овој процес на соработка со ДЗС ќе се реализира на две нивоа и тоа: - со потпишување на Договор за соработка за креирање на веб сервиси и формирање на работна група кој во соработка со Советот за ИКТ ќе го спроведе целиот процес.
9. Разгледана е Информација на перформансите и содржината на платформата Dejure.mk, претставникот на платформата Dejure.mk пред присутните го презентираше начинот на работа и сè она што го содржи оваа платформа. Наведе дека во базата на податоци оваа платформа постојат голем број на судски одлуки кои се поврзани со консолидирани закони и

членови од тие закони, што пребарувањето на информации го прави многу лесно. Одаспект на воспоставување соработка предложи да се воспостави поврзување со судовите и обвинителствата со цел да може преку пристапот на базата да се изврши проверка на статусот на некој акт дали е во сила или вон сила, дали е изменет или не.За разлика од службениот весник каде нема прочистени текстови, оваа платформа тоа го нуди и е лесно достапно. Претседателот наведе дека ваквата информација ќе биде споделена со судовите и јавните обвинителства.

10. Формирана е мини-работна група во рамките на Советот која континуирано ќе врши ажурирање на Стратегијата и акцискиот план. По однос на оваа точка донесен е заклучок да се формира мини-работна група која редовно ќе врши ажурирање на Стратегијата за ИКТ и акциониот план. Работната група ќе биде составена од заменик претседателот на Советот за ИКТ професорката Лажетиќ и членовите Фатиме Фетаи и Фросина Тасевска и на секоја Седница на Советот за ИКТ ќе поднесува извештај за извршеното ажурирање.

Ѓ. На единаесеттата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 20.05.2022 година се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информасции и извештаи:

1.Разгледана е информацијата и членовите на советот се запознати со текот на попдготовките за одржување на Европскиот самит за дигитализација Охрид 2022 година.

Е. На дванаесеттата седница на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи одржана на 30.06.2022 година се донесоа следните одлуки, заклучоци и се разгледаа и прифатија следните информации и извештаи:

Претседателот Нанев накратко се осврна на првиот Самит за дигитализација кој се одржа во Охрид од 12 до 14 јуни 2022 година, во организација на Советот за ИКТ, Министерството за правда, Академијата за судии и јавни обвинители и Здружението за кривично право и криминологија.

Претседателот Нанев напомена дека на Самитот учество земаа вкупно 156 учесници и панелисти.Од домашните и од меѓународните претставници Самитот е оценет со највисока оцена, што претставува поттик и поддршка за понатамошно спроведување на процесот за дигитализација.

Искуствата кои се споделија помеѓу претставниците и судиите од различните земји кои земаа учество на Самитот, а особено на претставниците од Европскиот суд за човекови права се од особено значење во поглед на користењето на ИТ алатките и судењата на далечина.

Согласно правилникот за работа на Советот за ИКТ, членовите се обврзани да изготвуваат полугодишни извештаи за работата на Советот за ИКТ кои се доставуваат до министерот за правда.

Во таа насока претседателот Нанев го задолжи секретарот на Советот за ИКТ сите усвоени записници од одржаните состаноци да ги сподели со членот на советот Александра Вуковиќ со цел изготвување на полугодишен извештај за работата на Советот за изминатите шест месеци.

Советот го разгледа известувањето од Оперативно техничката агенција, кое се однесува на продолжување (надградба) на процесот на дигитализација и издавање на електронски судски наредби за спроведување посебни истражни мерки – следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации.

Имено, првично, утврдени се 6 пилот судови (Основен кривичен суд Скопје, ОС Кавадарци, ОС Струмица, ОС Гостивар, ОС Битола и ОС Куманово) и 7 обвинителства ( ОЈО Скопје, ОЈО Кавадарци, ОЈО Струмица, ОЈО Гостивар, ОЈО Битола и ОЈО Куманово) во кои ОТА ќе го спроведе инсталирањето на опремата.

Во рамките на истиот процес подоцна ќе бидат вклучени и останатите судови и јавни обвинителства.

За користење на платформата изготвен е план за одржување на обуки за судиите, обвининителите и стручните лица во судовите и јавните обвинителства.

Ирена Димовска информираше дека во ОЈО Скопје опремата е инсталирана и функционалноста на системот веќе е тестирана, потребно е уште да помине обуката на јавните обвинители.

Весна Бојаџиевска информираше дека и во Врховниот суд опремата е примена, линкот е обезбеден и по спроведувањето на административните процедури истиот ќе започне да се употребува.

До Советот за ИКТ од Генералниот секретар на Владата беше проследен допис-Барање финансиска помош за адаптација на сервер сала и набавка на серверi во Уставнот суд на Република Северна Македонија.

Откако беше разгледано барањето беше донесен заклучок дека Уставниот суд не е директно поврзан со Советот за ИКТ и неговата поставеност е посебно заснована врз основа на Уставот на РСМ поради што Советот за ИКТ смета дека ова барање главно се однесува на Министерството за финансии кое треба да ги обезбеди бараните финансиски средства.

Претседателот Нанев во однос на активностите на Мисијата на ОБСЕ, извести дека сите пет судници се комплетно опремени и функционални, а во однос на активностите на Амбасадата на САД кажа дека тимот на експерти ги посети сите 34 судови, обврската за изготвување на техничката спецификација треба да биде исполнета до 15 јули, а до 1 август треба да биде изготвен и финалниот извештај со техничката спецификација за сите 186 судници. Финалниот извештај ќе биде споделен со Советот

за ИКТ да се произнесе со свое мислење, по што Амбасадата ќе може да ја продолжи постапката за јавната набавка.

Претседателот извести дека од вкупно 186 судници, моментално само 78 судници се целосно подготвени за инсталирање на техничката опрема, додека кај останатите потребно е да биде извршена градежна интервенција и набавка на инвертар за да може да биде инсталирана опремата.

По однос на оваа точка беше донесен заклучок:

Министерот за правда со информација да се обрати до Владата на Република Северна Македонија со барање да одобри Судскиот буџетски совет и Министерството за финансии да обезбедат дополнителни финансиски средства за рехабилитација на останатите судници во делот на градежните активности и ентериерното уредување.

Советот за ИКТ ја разгледа Информацијата за подготовка на студија за изводливост за изградба на транспортна оптичка мрежа доставена од Владата.

По разгледувањето Советот утврди дека информацијата се однесува на МИОА.

Фросина Тасевска извести за одржан состанок со ЗПВ Грковска, на кој се дискутирало за потребата од изготвување на Закон за архивирање и план за архивирање дигитални документи од страна на меѓуресорска работна група формирана од МИОА.

Меѓудругото утврдена е потребата од стандардизација на процесите пред се од аспект на безбедноста, а во различни министерства поради користење на различни софтверски јазици, наведе дека има проблем при размена на податоците.

Михајло Војтикив појасни дека постои работна група предводена од ЗПВ Грковска, која прави комплетна анализа на хардверската и софтверска опременост на сите институции и изготвување на извештај од постоечките ресурси со цел да се утврди дали и каде треба да се направат дополнувања за да се изврши унифицирање (едначење) на платформите.

Пред се станува збор за дигитализација на сите институции преку изготвување на анализа и извештај и утврдување на следни чекори за постигнување на комплетна дигитализација на сите институции.

Михајло Војтикив укажа на немање администратот за менаџирање на веб сервисите кои што беа поставени во судовите.

Имено, во кривичниот суд има комуникациски клиент кој што комуницира на интероперабилната платформа сервисите се достапни но нема кој да го менаџира.

Информираше за барање од царинската управа, за што во понеделник ќе биде одржан состанок со претседателот на кривичниот суд за да се потенцира потребата да се номинира администратор кој ќе ги доделува услугите кои другите институции ќе ги бараат.

Ја истакна потребата претседателот на судот со официјален допис да се обрати до МИОА со цел да отпочнат со конфигурирање, за едно лице кој ќе биде администратор.

Трајче Пеливанов се осврна на известувањето од МНР - Совет на ЕУ министрите за правда и внатрешни работи, одржан во Луксембург, 9 и 10 јуни 2022 година.

Во еден дел од споделениот извештај стои дигитализација на судската соработка во кривичната материја (за размена на дигитални информациии во случај на тероризам и предлог за воспоставување на платформа за соработка за заеднички истражни тимови).

Со оглед дека станува збор за меѓугранична соработка претседателот донесе заклучок Трајче Пеливанов да изготви материјал на оваа тема кој подетално ќе биде разгледан на наредната седница и да се разгледа можноста за приклучување кон овој процес.

## *2.Активности*

И, во овој период продолжија активностите за оспособување на **интероперабилноста и размената на податоците помеѓу судовите и државните органи** и институции преку воведување на однапред дефинирани стандарди за безбедност, заштита, формат и структура на податоците, а со цел воспоставување на непречен проток на информации и обезбедување на јавни услуги прилагодени на потребите на граѓаните и бизнисите. Во март 2022 година, Советот за ИКТ го заокружи процесот на консултации кој се одвиваше во изминатиот период што резултираше со потпишување на Договори за интероперабилност помеѓу Министерството за правда со вкупно 9 државни органи и институции - Министерство за внатрешни работи, Царинска Управа, Управа за финансиска полиција, Управа за финансиско разузнавање, Агенција за цивилно воздухопловство М-НАВ, Централен регистар, АНБ, Јавното обвинителство и Државна изборна комисија.

Со поддршка на Канцеларијата на ОБСЕ, успешно се инсталираше **опремата за онлајн судења** во петте судници во Основните судови - Струмица, Штип и Кавадарци, Скопје 1 и Скопје 2. Во овие судови беа спроведени потребните градежни активности за соодветно прилагодување на просториите како и за инсталирањето на опремата.

Во рамки на обезбедената поддршка од страна на амбасадата на САД, во април 2022 година започна процесот за скенирање, премер и процена на судниците во сите 34 судовите, каде што во наредниот период ќе се врши опремување со дигитална опрема за онлајн судења. Во овој процес, покрај судовите опфатени се и судницата на Академијата за судии и јавни обвинители, Судскиот совет и судницата во затворот Идризово. Притоа, беше утврдено дека опрема за аудио визуелно снимање е предвидена за сите судници, во сите судови ќе се обезбеди во по една судница - опрема за симултан превод, а што се однесува до судовите со проширена надлежност, преку оваа поддршка предвидено е да добијат опрема за заштитен сведок во една судница. Обврската за изготвување на техничката спецификација треба да биде исполнета до 15 јули, а до 1 август треба да биде изготвен и финалниот извештај со техничката спецификација за сите 186 судници. По разгледување на финалниот извештај од страна на ИКТ Советот, Амбасадата ќе ја продолжи постапката за јавната набавка. Притоа, при дискусиите на ИКТ Советот се напомена дека од вкупно 186 судниции, моментално само 78 судници

се целосно подготвени за инсталирање на техничката опрема, додека кај останатите потребно е да биде извршена градежна интервенција и набавка на инвертар за да може да биде инсталирана опремата. Во наредниот период ќе се работи и на надминување на оваа востановена состојба, како би можеле да се опремат сите предвидени судници во земјата.

Што се однесува до потребната **набавка на сервери во судовите**, за што од страна на Владата беа обезбедени 90.000.000,00 мкд, Врховен суд спорведе тендерска постапка за набавка на сервери за сите 34 суда.Постапката е целосно завршена, со обезбедени дополнителни средства.

По успешното дигитализирање на услугата за физички лица, се стави во функција и **услугата за електронско издавање на уверенија од казнената евиденција за правните лица**, истата е веќе достапна на националниот портал uslugi.gov.mk, и успешно работи. Со дигитализирање на услугата за издавање на уверенија од казнена евиденција за физичките и правните лица, преостанува во наредниот период да се работи на дигитализирање на услугата за издавање потврда за забрана за вршење професија должност или дејност.

Започнаа активности за изработка на **софтверско решение за објавување на одлуките и огласите на веб страната** на судот согласно чл.12 од Законот за управување со движењето на предметите, со предлог заклучок за висина на надоместокот.

Континуирано се одвиваа и активности во рамки на процесот на **дигитализација и издавање на електронски судски наредби за спроведување посебни истражни мерки – следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации**, во соработка со Оперативно техничката агенција. Во овој процес, ИКТ Советот и ОТА ги утврдија судовите (вкупно 6 - Основен кривичен суд Скопје, ОС Кавадарци, ОС Струмица, ОС Гостивар, ОС Битола и ОС Куманово) и обвинителствата (вкупно 7 - ОЈО Скопје, ОЈО Кавадарци, ОЈО Струмица, ОЈО Гостивар, ОЈО Битола и ОЈО Куманово) каде ќе биде инсталирана опремата. Понатаму, ќе бидат вклучени и останатите судови и јавни обвинителства.
Заклучно со јуни 2022, опремата е инсталирана и функционалноста на системот веќе е тестирана во ОЈО Скопје, а воедно опремата беше доставена и до Врховниот суд.

Во рамки на овој процес, во извештајниот период се подготви план за одржување на обуки за судиите, обвининителите и стручните лица во судовите и јавните обвинителства.

*2.1Јавност /работилници*

Во текот на март 2022 година, беше организиран промотивен настан во ОС Кавадарци, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ и со кој се одбележи инсталираната опремата за онлајн судења во петте судници.

Со заокружување на сите чекори неопходни за воведување на интероперабилност и размена на податоци меѓу институциите, во март 2022 година се организираше свечен настан за потпишување на договорите за интероперабилност помеѓу Министерството за правда и 9 државни органи и институции

Во периодот 12 - 14 јуни 2022 година, во Охрид се одржа првиот Самит за дигитализација во организација на Советот за ИКТ, Министерството за правда, Академијата за судии и јавни обвинители и Здружението за кривично право и криминологија. На Самитот учество земаа вкупно 156 учесници и 64 панелисти и истиот се оцени како од домашните и од меѓународните претставници со големи пофалби, што претставува поттик и поддршка за понатамошно спроведување на процесот за дигитализација. Искуствата кои се споделија помеѓу претставниците и судиите од различните земји кои земаа учество на Самитот, а особено на претставниците од Европскиот суд за човекови права се од особено значење во поглед на користењето на ИТ алатките и судењата на далечина.

ИКТ Советот започна преговори во насока на организирање на студиска посета на Словенија.

## 2.2.Соработка со други тела и произнесување

Како резултат на големата проактивност на членовите на Советот и зголемената видливост, во извештајниот период беа добиени повеќе барања за мислења по закони и разни предлози за соработка од страна на повеќе институции, по кои редовно се дискутираше и заземаше став.

- ИКТ Советот соработуваше со Министерството за економија во однос на одредбите за дигитализација на новиот Закон за инсолвентоност, конкретно автоматизација на изборот на стечајните управници во стечајните постапки во рамки на АКМИС системот ;
- Со Државниот завод за статистика беше договорено да се работи на дигитализирање на обрасците на ДСЗ – СК1, СК2, СК3 и СК4 /судски криминалитет/ со цел да се заменат хартиените обрасци кои се разменуваат со судовите и јавните обвнинителства имајќи предвид што ДЗС води статистики за пријавени, обвинети и осудени лица како и статистика на разводи кои се водат преку извештајните единици (судовите и јавните обвинителства). Активности ќе следат.
- Со претставници на платформата Dejure.mk, каде постојат голем број на судски одлуки кои се поврзани со консолидирани закони и членови од тие закони, се договори да се воспостави поврзување со судовите и обвинителствата со цел да може преку пристапот на базата да се изврши проверка на статусот на некој акт дали е во сила или вон сила, дали е изменет или не.

- Беше разгледано и добиеното барање од Генералниот секретар на Владата за финансиска помош за адаптација на сервер сала и набавка на сервери во Уставнот суд на Република Северна Македонија.

**Совет за координирање на**
**информатичко-комуникациска технологија**
**во правосудните органи**
**Претседател,**
**проф.д-р Лазар Нанев**

---

*Прилог:*

- *Записници од одржаните седници на Советот за ИКТ,*
- *Одлуки,*
- *Извештаи,*
- *Барања,*
- *Известувања.*